КВАРТАЛНА ПУБЛИКАЦИЈА НА ЦЕНТАРОТ ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ

CEA
Center for Economic Analyses

ПОДЕЛБА НА ОДГОВОРНОСТА ПОМЕЃУ НИВОА НА ВЛАСТ

НАДЛЕЖНОСТИ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАДИ ВО РАЗВИЕНИТЕ ЗЕМЈИ

НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНИТЕ ВО ОДБРАНИ ТРАНЗИЦИОНИ ЗЕМЈИ

ПОВЕЌЕ ФУНКЦИИ - ПОВЕЌЕ ПРАВА НО ВОЕДНО И ПОВЕЌЕ ОБВРСКИ

НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА

# ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НАША ЦЕЛ

ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НАША ЦЕЛ

ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

ISSN 1409 - 7923
info@cea.org.mk
Година I, Број 2

*Центарот за Економски Анализи (ЦЕА) е „think tank“ на млади економисти кои ја делат заедничката визија за Република Македонија како нова растечка Европска економија интегрирана во регионалниот и светскиот пазар.*

*Мисијата на ЦЕА е континуирано да врши истражувања за економскиот развој и економската политика на Република Македонија и врз основа на овие истражувања да понуди препораки, предлози и мерки.*

info@cea.org.mk www.cea.org.mk
Наскоро: http://www.lsg-data.org.mk[1]

# Од Заменик уредникот

**Почитувани читатели,**



*Го добивте второто издание од билтенот „Децентрализација - Наша цел“, последниот квартален производ издаден од страна на Центарот за Економски Анализи (ЦЕА). За разлика од првото издание, кое беше посветено на многу контраверзното прашање за големината на општините, ова второ издание навлегува во помирни води и е посветено на типичните одговорности на локалните влади.*

*Вкрстените истражувања за транзиционите економии во повеќе земји од светот ги потврдија нашите очекувања дека, не постои единствено решение за одлучување кое ниво на влада треба да биде одговорно за поединечни јавни услуги. Предизвикот за изготвувачите на политиката е да се идентификува опфатот на оние јавни услуги кои поефикасно ги обезбедуваат суб-националните влади. Еден од критериумите за тоа како јавните услуги треба да бидат распределени е критериумот на т.н. „област на корист“. На пример, област на корист за уличното осветлување е локалната заедница, додека областа на корист за контрола на воздушниот сообраќај е целата национална територија.*

*Покрај тоа што теоријата нуди некои насоки и препораки, во пракса исцртувањето на демаркационата линија долж одредени јавни услуги е тешка задача. Како за илустрација, Владите на транзиционите економии ги прилагодија нивните разбирања за капиталните расходи единствено како фукција на националните влади. Нивните верувања беа водени од капацитетот за финанасирање на големи проекти и од аргументот дека единствено претставниците на централната влада се квалификувани за донесување одлуки во врска со капиталните инвестиции. Од неодамна тие ги открија потенцијалите на суб-националните влади да го унапредат локалниот економски развој и ги поздравија иницијативите за заедничко учество во овие обврски.*

*Секако, во иднина ќе постојат многу слични изненадувања. Заклучуваме дека клучот е да се идентификуваат потребите на граѓаните и потоа да се идентификува како јавните услуги да бидат распоредени на најдобар начин за да ги задоволат овие потреби, треба да бидат повторно разгледани и прилагодени со цел да се излезе во пресрет на потребите на граѓаните.*

*На крајот, ја изразувам мојата најдлабока благодарност кон авторите кои придонесоа со статии во второто издание. Ние, тимот на ЦЕА, ќе бидеме задоволни да знаеме дека како резултат на нашата активност го унапредивме квалитетот на јавната дебата за прашањата за децентрализација во Македонија.*

*Најдобри желби,*

*Александар Стојков*
*Претседател на ЦЕА*

1) Благодарение на малиот грант, кој ЦЕА конкурентно го доби од Светско Учење на УСАИД, на сите заинтересирани на располагање наскоро ќе им биде веб страната: http://www.lsg-data.org.mk од која ќе можат да добијат податоци, информации и индекси за локалната самоуправа. ЦЕА е пионер на невладиниот сектор со хостирање на база на податоци во Македонскиот информативен простор за потребите на јавноста без надомест.

ЦЕА изразува благодарност до ОБСЕ за поддршката во издавањето на овој билтен.





# ПОДЕЛБА НА ОДГОВОРНОСТА ПОМЕЃУ НИВОА НА ВЛАСТ

Kenneth Davey

Документ презентиран на работилницата насловена како "Реформа на Локалната Влада" во Европа и CIS, Јуни 15-19 2003 година, Загреб, Хрватска

**Варијабилни одговорности**

Поделбата помеѓу централна и локална влада и приватниот сектор се разликува меѓу Европските земји на начин како што е опишано подолу.

*Образование*

- Во Англија, Данска, Унгарија, Норвешка, Полска, Шведска и Украина локалната влада практикува целосна одговорност како за основното така и за средното образование, спроведена низ националните политики преку програми и стандарди. Ваквата локална одговорност вклучува вработување и плаќање на наставниците. Поделбата на оваа одговорност меѓу општинското и повисоките нивоа се разликува; во некои случаи повисоките нивоа ја преземаат одговорноста за средните или специјализираните училишта.
- Во неколку држави како што се Австрија, Чешка, Франција и Германија, локалната влада е одговорна за изградбата, опремата и одржувањето на објектите за основно и средно образование, но не и за вработувањето и менаџментот на наставниците.
- Во некои држави индивидуалните училишни одбори може да практикуваат значителна одговорност за буџетите, објектите, неограничените елементи во програмата и дури за назначувањето на персоналот. И локалната влада и родителите се нормално застапени. Ова може да ја ослабне контролата на локалната влада во земјите како Англија каде поинаку е делегиран авторитетот, или да ја засили онаму каде Државата ги задржува најголемиот дел од одговорностите.

*Болници*

- Споредбите на одговорностите за медицинските услуги се многу сложени бидејќи ги вклучуваат заедно и сопственоста и менаџментот на медицинските единици и нивното финансирање.
- Во Англија и Скандинавските земји, како и во Украина, јавните медицински услуги во осова се финансирани од даноци преку националните и локалните буџети. Во Скандинавија здравствените услуги се најчесто одговорност на локалната влада, болници кои припаѓаат на повисокото ниво.
- Во Англија тие се функција на националната влада, иако се практикуваат преку сложена хиерархија на назначени регионални здравствени авторитети и квази-автономни трустови.
- Во повеќето други земји оперативните трошоци за медицинска заштита се пресретнати од задолжителни осугурителни шеми; ова дозволува некава диверзифицираност во сопственоста и менаџментот на болниците и други медицински единици. Во неколку земји, вклучувајќи ја Австрија, Германија, Унгарија, Холандија и Полска, локалната влада обезбедува или единици на примарна здравствена заштита или болници, или и двете, со променлив степен на финансиска одговорност за објектите и опремата. Болниците нормално ќе бидат водени од големите општини или повисоките владини ниво. Во Франција болниците се автономни единици, но градоначалникот ја презема контролата врз менаџерскиот борд. Во Италија здравствените услуги се водени од специјални здравствени области, кои се интерно-општински тела.

*Социјална помош*

- Државно регулираните осигурителни шеми обезбедуваат определени привилегии во сите земји вклучувајќи основна пензија, некои застанати плаќања и плата за невработеност (најчесто ограничена до една година). Овие фиксни бенифиции се водени од локалната влада во Скандинавските земји, а на други места од националната мрежа на канцелариите за помош.
- Англиските, Чешките и Холандските локални влади практикуваат грижа со домување.
- Локалните влади се многу пошироко инволвирани во условите за надоместоците т.е. плаќањата од "сигурносната мрежа", регуларно или во итни ситуации, за луѓето во сиромаштија како што е во случај на долгорочна невработеност, стари лица кои немаат пензија, самохрани родители или оние што се оневозможени и за кои законските можности се недоволни. Иако сите земји ја имаат оваа сигурносна мрежа, степенот на одговорност на локалната влада за неа е различен. Во Австрија, Белгија, Франција, Германија, Унгарија, Италија, Холандија и Португалија, целата сигурносна мрежа е одговорност на локалната влада (повисоко ниво во Франција и Германија). Во некои други случаеви локалната одговорност е ограничена на итна помош, додека помошта од државата е дискутабилна.

*Патишта*

- Локалната влада во сите земји, со исклучок на Португалија, ги одржува локалните и регионални патишта. Британските локални авторитети ги одржуваат националните и меѓуградски патишта (иако само како агенти во случајот со националните)

*Јавни добра*

- Во Велика Британија водата, канализацијата, гасот и електричната енергија беа приватизирани, иако

регулирани од националното законодавство. Во повеќето други земји тие остануваат одговорност на локалната влада, и покрај тоа што најчесто се додоелени на компании кои дејствуваат на национална или регионална основа. Сопственоста на овие компании е многу различна помеѓу земјите.

*Против пожарна заштита*

- Во рамките на ЕУ, во Австрија, Белгија, Велика Британија, Данска, Германија, Холандија, Португалија, Шпанија и Шведска, ова претставува одговорност на локалната влада. Во Грција и Италија ова е државна функција, а во Франција дејствуваат сложени државно/локални договори. Практиката во земјите од Централно Источна Европа значително се разликува.

*Полиција*

- Во Австрија, Белгија, Чешка, Франција, Германија, Унгарија, Италија, Словачка и Шпанија полициските сили на општините одоговорни за сообраќајот и спроведувањето на законот дејствуваат паралелно со националните полициски сили. Во Велика Британија не постои национална полиција; регионалните полициски сили се надгледувани од специјални тела кои ги претставуваат локалните влади и судовите.

*Социјални домови*

- Во рамките на ЕУ во Австрија, Велика Британија, Данска, Франција, Германија, Италија, Холандија, Португалија, Шпанија и Шведска, локалните влади имаат некаков степен на одговорност за условите за социјално домување. Ист е случајот и во земјите од Централно Источна Европа. Во Франција, Германија и во Скандинавските земји ова најчесто е решено со партиципација во, и во рамките на непрофитни компании или асоцијации, што станува вообичаено и за Велика Британија.

*Регулативни функции*

- Во претходните параграфи беа опишани одговорностите на локалната влада за градско планирање и контрола на развојот, управување со сообраќајот, полиција и администрцијатра за помош. Како дополнение, повеќето системи на локални влади ги делегираа обврските за цивилна и избирачка регулатива (иако цивилната регулатива има тенденција да биде функција на Црквата во Скандинавија). Во Велика Британија, Данска, Шпанија и Шведска локалната влада е одговорна за заштита на потрошувачите. Во повеќето земји локалната влада има некои одговорности за заштита на околината, иако во различен степен овие одговорности ги дели со специјализирани државни агенции.

## НАДЛЕЖНОСТИ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАДИ ВО РАЗВИЕНИТЕ ЗЕМЈИ

Извор:

The Constitutional Status of Local Government in Other Countries (Central Research Unit, The Scottish Office), 1998.

**СОЕДИНЕТИ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ**

Локалните влади во САД не располагаат со "авторитетот на општа компетентност". Авторитетот на повеќето локални влади е пропишан во договорите за интегрираност. Повеќе од половината држави му даваат големо значење на договорот за "домашно право" кој им овозможува на општините да создаваат свои сопствени договори во рамките на државната стратегија и да практикуваат широк неограничен авторитет. Повеќето големи градови во САД се раководени според договорите за "домашно право". Додека во Австралија, поодделните одговорности на локалната влада се одредени од Државите, иако повторно постојат вообичаени карактеристики. Локалната влада најчесто е одговорна за личните и социјални услуги, училиштата, противпожарната и полициската заштита, социјалните домови и градското обновување, како и за јавното здравство и болниците.

**ДАНСКА**

Во Данска 275 локални влади (општини) го имаат авторитетот за општа компетентност да преземат се што е од интерес за нивните локално население, обезбедувајќи се дека ваквата активност не е забранета (на пр. Да биде алоцирана на друга институција или друго ниво на власт) и обезбедувајќи се дека ваквата активност не ја ограничува слободата на ѓраѓаните.

Главните функции на Данските локални влади вклучуваат социјална заштита (пензии, породилни и бенифиции за деца, бенифиции во случај на болест и невработеност, финансиска помош за кирија), превентивна здравствена заштита, комлетно образование (возраст 7-16 години) за повеќе од 90% од децата, градинки и забавишта, дневен престој, грижа за старите лица, локално планирање и имплементирање, изградба и одржување на локалните патишта и улици, протипожарни услуги, маркети, јавни библиотеки, паркови, водоснабдување, трошење на водата, собирање на смет и отстранување, раководење и прибирање на приходи и земјишни такси.

Исто така имаат право на  одлука да субвенционираат уметност или непрофитабилни услуги за јавен превоз, да раководат со музички училишта, спортски терени и базени за пливање, да даваат или да гарантираат заеми на  организациите за социјални домови. Иако може да купуваат и даваат земја на користење за индустријата и трговијата, и да користат такси и други стимулативни мерки за да привлечат бизниси, тие не можат самите да преземаат активности кои "припаѓаат на приватниот сектор"-особено на трговијата и деловните претпријатија. Општинските користи се дозволени доколку овозможуваат најверојатно да бидат самофинансирани (но не профитабилни), најмалку на долг рок.







**ФРАНЦИЈА**

Во Франција 'code general' им предава на заедниците одредени задолжителни функции. Основните функции се училишни објекти, пожарна заштита, полиција, превентивна здравствена заштита, планирање на користење на земјиштето, одржување на патиштата, и некои бенифиции од социјалната заштита. Во останатите случаи сите нивоа на локалната влада уживаат "територјална компетентност" - најпрво доделена на заедниците со Законот за општини во 1884 год. Главните задолжителни функции практикувани од заедниците се однесуваат на културата и туризмот, социјална помош и помош во индустријата.

Во пракса, заради многу малата големина на повеќето заедници (90% имаат помалку од 2.000 жители), истите беа обврзани - често заради фискалниот притисок од Државата - да се соединат во разновидни здружени организации со цел да ја зачуваат својата локална автономија. Околу 900 од овие здружени организации се овластени со правото на оданочување.

Денес постојат околу 15.000 синдикати со единствена намена за функциите како што се училишта, транспорт, снабдување со вода, електрична енергија и гас, контрола на поплави, и дури погребални услуги. Другите 3.000 повеќе наменски организации вклучуваат некои многу значајни агенции како што е Агенција за урбанизам која денес ги има под своја закрила 11 од главните градови вклучувајќи ги Лил, Лион, Стразбур и Бордо.

**ГЕРМАНИЈА**

Во Германија постојат над 16.000 заедници (најголем дел од нив се наоѓаат во поранешна ДДР и во двете јужни сојузни држави - покраини Bavaria и Baden-Wurttemberg). Сите тие го имаат авторитетот за општа компетентност да преземат се што е од интерес за нивните локално население, обезбедувајќи се дека ваквата активност не е забранета ( на пр. Да биде алоцирана на друго ниво на власт или на друга институција) и обезбедувајќи се дека ваквата активност не ја попречува слободата на граѓаните.

Главните функции на локалните влади (различно доделени, во зависност од земјата, областа и/или заедницата, вклучуваат:

**Социјални домови** - најчесто преку кооперативни или непрофитни компании кои се во сопственост на општината (кој вообичаено го обезбедува и подготвува земјиштето);

**Локален транспорт на патниците**, вклучувајќи автобуси, трамваи и земјен простор - исто така преку приватни законски компании, во мешана сопственост и финансиски помогнати;

**Културни активности** - библиотеки, музеи, архиви, спорт и рекреација, лизгалишта, базени за пливање, забава за млади, шуми, патеки за џогирање, и слично, се тое е овозможено или финансиски помогнато од сите нивоа на локалната власт;

**Јавни добра:** вода, канализација, одвод, намалување, собирање на сметот и негово отстранување, гробишта и крематориуми, електрична енергија, топлотно греење по области, санбдување со гас, а сето ова е овозможено од округот или поголемите општини - често преку приватни законски компании во мешана сопственост.

Не се дозволени никакви директни инвестиции во приватниот деловен сектор, додека промотивните и акциите за подржување на **туризмот**, како и **развојот** на локалната економија и вработувањето се секогаш присутни.

**Регулативните обврски** на локалната влада вклучуваат:

Округ - регистрација и преглед на земјиштето, заштита на природата и ветеринарни услуги;

Општина - инспекција на училиштата, надгледување на трговијата и условите за работа, заштита на околината и контрола на зејоделските поседи.

Локалните влади во Германија ги обезбедуваат и штедните и кредитните банки, локалното здравствено осигурување, управување со федералните железнички станици, поштите, како и локалното вработување и царинарниците (за нив постои одделен буџет).

**ХОЛАНДИЈА**

Во Холандија постојат 625 локални влади (општини), за кои важи дека се она што не е забрането е дозволено. Телата на локалната власт имаат општа компетентност и уживаат загарантирана автономија да прават се што треба, по сопствен избор, во општ интерес на нивните жители, само доколку овој авторитет не е нагласено алоциран на други агенции или други нивоа на власт.

Холандските општини обезбедуваат голем број на услуги било автономно како агенти или во соработка со централната власт. Како пример за автономните услуги се грижа за патиштата и улиците, културните активности и собирање на ѓубрето; а пак пример за заедничкото управување се основното и средното образование, домувањето, социјална грижа, планирање и заштита на околината. Се зголемува значењето на приватизацијата на условите за давањето услуги.

*Директните функции на општините се бројни:*

- Образовани на сите нивоа пред универзитетското (дури постојат неколку општински универзитети)
- Домување, градско планирање и урбано обновување
- Културни објекти и активности
- Против пожарна заштита
- Пристаништа и водни канали во внатрешноста
- Собирање на ѓубре
- Примарна здравствена заштита и општински болници
- Социјална корист
- Маркети
- План на топлотно греење по облсти и снабдување со гас
- Базени за пливање и спортски објекти, паркови и отворени простори.

Некои од поголемите градови дури имаат сопствени полициски сили, иако националната полиција го покрива остатокот од земјата.

# НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНИТЕ ВО ОДБРАНИ ТРАНЗИЦИОНИ ЗЕМЈИ

Извори на иницијативата за реформи во локалната власт и јавните услуги,
Институт Отворено Општество - Будимпешта

**ПОЛСКА**

Основните задолжителни функции се: основно образование, општа здравствена заштита, социјални услуги, јавна инфраструктура (водоснабдување, отстранување на сметот, канализациски систем, електрична енергија и сл.), општински домови, локални патишта, локален јавен транспорт, култура, рекреација, јавен ред, противпожарна заштита и физичко планирање. Централната власт може да пренесе некои од своите надлежност и функции преку посебна законска регулатива или преку заеднички договор со општините, но мора да ги финансира ваквите активност во целост.

Делегираните функции се однесуваат на регистрацијата на бракови, родендени, смртни случаи и сл., обезбедување на лични карти и возачки дозволи, цивилна одбрана, заштита на околината, санитарна контрола итн.

**СЛОВЕНИЈА**

Опфатот на должности и функции што се во надлежност на општината ќе ги вклучат оние локални работи кои влијаат само на луѓето од таа општина, а кои општината може независно да ги определи. Државата може по статут, да ги пренесе ваквите должности и функции како намалување на нејзиното влијание во општините и проширено само-управување  на телата на локалната власт, кои биле предмет на претходна согласност на општините и другите засегнати тела, и на обезбедување на услови за изведба на ваквите должности и функции. Државата ќе ја надгледува соодветната и ефикасна изведба од страна на општината и ќе го прошири само-управувањето на телата на локалната власт за сите должност и функции пренесени на нив од страна на државата (Член 141).

Соодветно конституираните државни авторитети ќе ја надгледуваат законската изведба на должностите и функциите од страна на телата на локалната власт (Член 144).

Уставот на Република Словенија не вклучува други доделени функции и одговорности.

**БУГАРИЈА**

Уставот ги одредува функциите и одговрностите кои се доделени на телата на локално само-управување на најопшт начин. Дефинирајќи ги општините како законски ентитети, Уставот има двоен ефект: прави општините да подлежат на законите на земјата и во исто време им дава капацитет да имаат свои права. Уставот исто така дозволува правата на општините да бидат практикувани во корист на локалната заедница.

Често соодветната изведба на функциите од страна на општините е начин на практикување на правата на ѓраѓаните (издавање дозволи за градба, трговски дозволи итн.). Лицата чии права биле нарушени со неуспехот на локалнати власти да дејствуваат или со нивна незаконска или несоодветна активност, може да предизвикаат такви дејства преку различни процедури создадени со законите на земјата (жалби до врховни управни институции и судови). Како резултат на тоа индивидуалните права може да бидат спроведени и соодветна активност од локалните влади можат да биде препорачана.

Општините имаат и задолжителни функции кои не влијаат на остварувањето на индивидуалните права (како што е одржување на инсталациите за водоснабдување, регулирање и безбедност во сообраќајот, одржување на јавна хигиена). Во овој случај единственото решение за нивниот неуспех да дејствуваат е политичкиот притисок од страна на гласачите или од централната власт.

Во сите други случаи, општините се слободни да дејствуваат на секој начин и за секаква цел која не е забранета со закон или не претставува ексклузивна функција на други агенции.

**РЕПУБЛИКА ЧЕШКА**

Општините се овластени да обезбедуваат широк опфат на услуги за нивните ѓраѓани. Сите нивни активности се засновани на Уставот и парламентарните акти. Локалните власти исполнуваат две категории на должности: задолжителни и опционални. Задолжителните должности на локалната власт се претставени преку оние должности кои се однесуваат на локалните работи и преку пренесената компетентност за спроведување државното јавно управување. Во спроведувањето на функциите на локалната власт, само законите донесени врз основа на акти издадени од централната власт ја насочуваат општината.

Општините како само-управувани власти се особено одговорни за постигнувањата и одобрувањето на долгорочните програми за нивниот развој (вклучувајќи контрола над нивната имплементација), економско користење на сопственоста на општината, креирање на нивниот буџет, основање на општински претпријатија и контрола над нивните активности, одржување на јавните патишта, јавните површини и јавните гробишта, управување со сметот на општината, основно образование, основна здравствена заштита и основни социјални услуги (во сите сфери освен во спроведувањето на државната управа). Општините, на нивните територии, се одговорни за економскиот, социјалниот и културниот развој и за создавање на здрава околина - освен за оние активности кои врз основа на посебни акти се доверени на други органи (под контрола на државната управа).

Општинските совети се задолжени за решавање на сите видови локални работи кои не се однесуваат на други управувачки тела според закон.

Една од посебните карактеристики на системот на Чешката локална власт е фактот дека општините спро-

1) Превод на Јованка Ончевска од Bearing Point.







ведуваат (до степен кои им е дозволен со закон) државно управување врз основа на т.н. пренесена компетентност. При спроведувањето на пренесената компетентност општините се ограничени според законот и секундарнаото законодавство, како и според владините одлуки и директивите од телата на централната власт. Триста осумдесет и една општина определени според власта спроведуваат пренесена компетентност во рамките на доделената територија одредена од регионалната канцеларија. Некои големи општини со над 100.000 жители спроведуваат задачи на државно управување кои припаѓаат најчесто на регионалната канцеларија.

Создавањето на второ ниво на локална власт во Република Чешка - регионалното ниво на локална власт во земјата - беше подготвено и дискутирано и од стручњаци и од политички претставници.

**УНГАРИЈА**

Локалните власти имаат широка одговорност да обезбедат услуги. Ова значи дека спротивно на "ultra vires" принципот општините може да ги преземаат сите функции кои не се забранети со закон.

Постојат две главни категории на должности: задолжителни и опционални.

Задолжителната категорија на задачи на локалната власт ги вклучува оние кои се однесуваат на локалните работи и делегираните задачи пренесени во корист на државното јавно управување. Задолжителните задачи може да бидат алоцирани на локалните власти само преку парламентарни акти. Следниве услуги се задолжителни задачи: снабдување со здрава вода за пиење, одржување на јавните гробишта, одржување на јавните патишта и јавни места, основно образование, основна здравствена заштита, основни социјални услуги. Овие услуги мора да бидат одезбедени од страна на сите општини.

Што се однесува до опционалните задачи, како општо превило локалните власти се задолжени преку нивните избрани репрезентативни тела или врз основа на одлуката од локалните референдуми да ги превземат и решат сите сите видови локални работи кои не се пренесени на друго управувачко тело според закон.

## ПОВЕЌЕ ФУНКЦИИ - ПОВЕЌЕ ПРАВА НО ВОЕДНО И ПОВЕЌЕ ОБВРСКИ

**Барбара Ност** (ОБСЕ, Оддел за реформа во јавна администрација)

Рангот на функции пренесени на пониско ниво на власт е главно определен од целта и филозофијата на владините напори за децентрализација, а оттаму и предмет на оценка од самите актери во овој процес. Владиниот имплементационен и акционен план за децентрализација 2004-2007, ги идентификува локалната демократија, стабилноста, ефективните јавни услуги и економскиот развој како свои примарни цели. Овие цели се рефлектираат во бројните функции и моќта на донесување одлуки пренесени на локално ниво во годините кои доаѓаат. Со постепениот трансфер на компетенции на локално ниво во 2005, општините ќе извршуваат серија нови функции кои се рангираат од заштита и социјална помош до чисто развојни функции. Проширувањето на функциите следствено ја зголемува моќта на телата на локална власт кои донесуваат одлуки.

Оттаму, 2005 е клучна година за процесот на децентрализација во земјата. Локалните власти,посебно, би требало да поминат низ еден предизвикувачки период, затоа што ќе имаат за задача да им служат на граѓаните на еден транспарентен, правичен и ефикасен начин. Успешната децентрализација нема да зависи само од планот на локалната самоуправа, но и од капацитетот и способноста на локалните власти успешно да имплементираат процес на децентрализација која ќе резултира со подобрени јавни услуги.

## НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА

Интервју со г-ѓа **Вукица Савеска**, Министерство за финансии

**Г-ѓо Савеска, како надлежностите на ЕЛС во Република Македонија се регулирани со законите?**

- "Општината самостојно, во рамките на законот, ги уредува и врши работите од јавен интерес кои се од локално значење и се утврдени со Законот за локална самоуправа или со друг закон кој ја третира соодветната надлежност и која се воспоставува како локална, и е одговорна за нивното извршување. Притоа надлежностите на општината се целосни и исклучиви, истите не смеат да се одземаат ниту ограничуваат, освен ако тоа не е определено со посебен закон. Во рамките на законите кои определуваат други надлежности на општината освен оние опре-

делени во Законот за локална самоуправа, задолжително се определуваат и изворите на финансирање на тие надлежности.

Надлежностите на општината таксативно се наброени во одредбите на членот 22 од ЗЛС, и тие опфаќаат широк опсег на надлежности од: урбанистичко планирање и уредување на просторот; заштита на животната средина и природата; локалниот економски развој; комуналните дејности; културата во согласност со Националната програма за култура; спортот и рекреацијата; социјалната заштита и заштитата на децата; образованието основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови; здравствената заштита управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита; спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив; противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици; надзор над работите од надлежностите на општините и други работи определени со закон. За извршувањето на своите надлежности општината може да основа јавни служби во согласност со законот, но исто така може да изврши делегирање на одредени работи од јавен интерес од локално значење на други правни или физички лица за што склучува договор за извршување на работи од јавен интерес. При тоа, во случај на пренос на вршењето на некои од надлежностите општината е субсидијарно одговорна за вршењето на пренесените надлежности."

**Трансфер на компетенциите од централната влада на локалните власти:**

1. Министерство за култура (библиотеки, споменици и меморијали, музеи, уметнички центри);
2. Министерство за образование (основно и средно образование, студентски стандард);
3. Министерство за транспорт и врски (имиња на улици, јавни патишта, изградба, водоснабдување и справување со отпадните води, управување со сообраќајот, просторно и урбанистичко планирање);
4. Министерство за економија (угостителство, туризам, занаетчиство);
5. Министерство за здравство (примарна здравствена заштита, заштита против заразни болести);
6. Министерство за финансии (финансирање на општините, комунални такси, административни такси, данок на имот);
7. Министерство за труд и социјална политика (социјална грижа, заштита на децата);
8. Министерство за околина и урбано планирање (заштита на животната околина, заштита на природата, управување со сметот, управување со водите, квалитет на воздухот, просторно и урбано планирање);
9. Министерство за внатрешни работи (борба против пожари)

**Нормативните услови за пренос на компетенциите на локално ниво се обезбедени врз основа на Уставот и законот за локална самоуправа. Досега се усвоени следниве закони:**

**Култура:**
- законот за култура;
- законот за музеи;
- законот за споменици и комеморативни плакети;
- законот за библиотеки;

**Спорт:**
- закон за спорт;

**Одбрана:**
- закон за одбрана,
- закон за заштита и спасување;

**Образование и наука:**
- закон за осново образование;
- закон за средно образование;

**Урбано и рурално планирање:**
- закон за именување на улиците, плоштадите и друга инфраструктура,
- закон за јавните патишта,
- закон за снабдување со вода за пиење и чистење на отпадните води,
- закон за транспорт по патиштата.

**Локален економски развој;**
- закон за угостителски услуги,
- закон за туристички услуги,
- закон за занаетчии
- Закон за трговија,

**Здравство:**
- закон за здравство,
- закон за заштита на населението од заразни болести,

**Локално финансирање:**
- закон за финансирање на ЕЛС,
- закон за комуналните такси,
- закон за административните такси,
- закон за данок на имот,

**Социјална благосостојба и заштита на децата:**
- закона за социјална грижа,
- закон за заштита на децата,

**Заштита на околината;**
- закон за заштита на природата,
- закон а управување со сметот,
- закон за квалитет на воздухот,

**Справување со пожари:**
- закон за справување со пожари,

Со цел комплетирање на системот за локално самоуправување, следниве закони беа усвоени изменети:

- Закон за територијална организација на локалната самоуправа,
- Закон за Град Скопје,
- Закон за локалните избори.

Уредувачки тим: М-р Марјан Николов
М-р Александар Стојков
Миле Јанакиески